Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, на 50-та седница одржана на 22.07.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2713/1 од 15.05.2019 година оформен по сопствена иницијатива на ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2735/1 од 16.05.2019 година, бидејќи во конкретниот случај постапуваат други надлежни органи во рамките на своите законски надлежности.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Постапувајќи согласно со членот 22 став 1 и членот 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на 15-та седница одржана на 09.05.2019 година заклучи да оформи предмет по сопствена иницијатива врз основа на наводи изнесени во медиумите за сомневања дека Градоначалникот на општина Струга, Рамиз Мерко ја злоупотребил својата службена положба при набавка на четири автомобили со вкупна вредност на набавката од 114.000 евра, меѓу кои и луксузниот автомобил марка "Ауди А6" со вкупна вредност на набавката од 66.700 евра за потребите на Градоначалникот на општината во време кога Општина Струга е со неподмирен долг од околу четири милиони евра.

Во текот на постапувањето на ДКСК по конкретниот предмет, од страна на Државниот завод за ревизија изработен и објавен е Конечен извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година во Општина Струга, Сметка на Основен буџет (637) со број 13-114/10 од 04.10.2019 година, објавен на веб страната на Државниот завод за ревизија на 25.10.2019 година во кој се утврдени бројни недостатоци и слабости. Во постапката на прибирање на податоци и информации во насока на утврдување на целосна и правилна фактичка состојба поврзано со севкупното работење на службените лица во општина Струга, ДКСК како основа за утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет го зема и споменатиот Конечен извештај за извршената ревизија.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите објавени во медиумите,ДКСК со Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-2713/2 од 13.06.2019 година од Општина Струга ја побара следната документација: